ИСИЕ
ИНСТИТУТ ЗА СТРАТЕШКИ ИСТРАЖУВАЊА И ЕДУКАЦИЈА
INSTITUTE FOR STRATEGIC RESEARCH AND EDUCATION

**Повик број 2/2023 за деловен простор под закуп**

Институтот за стратешки истражувања и едукација (ИСИЕ) од Скопје за потребите на реализација на проектот “Corruption Free Universities in Albania, North Macedonia and Serbia” (Универзитети без корупција во Албанија, Северна Македонија и Србија) кој е реализиран во рамките на SMART BALKANS CIVIL SOCIETY FOR SHARED SOCIETY IN THE WESTERN BALKANS финансиран од Министерството за надворешни работи на Кралството Норвешка објавува повик за деловен простор под закуп.

**1. Предмет на набавка**

Предмет на набавка е склучување на закуп за деловен простор.

Деловниот простор треба да ги исполнува следните карактеристики:

- Површина од 12 до 25 квадрати;
- Да биде наместен со основни канцелариски материјали и тоа две бироа, четири столици и канцелариски ормар;
- Да се наоѓа на територија на Општина Центар;
- Да има пристап до дневна светлина;
- Во цената да бидат вклучени сите трошоци вклучително, трошоци за вода, струја, комуналии, како и режиски трошоци за одржување и чистење, доколку вакви трошоци се предвидени како трошоци за заедничко одржување.

Закуподавачот гарантира дека е сопственик на објектот и дека објектот ќе го предаде во непречено владеење на закупецот за време на траење на договорот за закуп.

Рокот на кој ќе се склучи договорот за закуп е шест месеци.

**2. Критериуми за избор**
Цена: 100 поени

**3. Документи кои треба да се достават**
Финансиска понуда, која треба биде дадена во вкупна бруто сума во денари како и цена по квадрат.

**4. Склучување на договорот и рангирање**

Доколку најдобро рангираната понуда е повисока од износот на средства утврден согласно со буџетот на ИСИЕ и одобрен од донаторот за оваа намена ИСИЕ го задржува правото да побара намалување на понудената цена од страна на понудувачот. Доколку понудувачот не се согласи со намалување на цената, ИСИЕ го задржува правото да не ја прифати понудата односно да не склучи договор со ни еден понудувач.

5. **Рок за аплицирање:** 31.1.2023 година

6. **Доставување на понудите:** понудите се доставуваат на електронската адреса **isie@mail.org**.

Во прилог на огласот се наоѓа и образец за доставување на понуди.

За дополнителни информации Ве молиме обратете се на: **isie@mail.org** или на телефонскиот број 071 375 554.

Датум на објавување на оглас на интернет страницата на ИСИЕ – 20.1.2023 г.

ИНСТИТУТ ЗА СТРАТЕШКИ ИСТРАЖУВАЊА И ЕДУКАЦИЈА
INSTITUTE FOR STRATEGIC RESEARCH AND EDUCATION

**ПРИЛОГ 1 – ОБРАЗЕЦ ЗА ПОНУДИ ПО ОГЛАС БРОЈ 02/2023**

До

**Институтот за стратешки истражувања и едукација**

Бул. АВНОЈ бр.16/1-31 1000 Скопје,

**ПРЕДМЕТ: Доставување на понуда за деловен простор под закуп за оглас број 02/2023**

Понудувач (име и презиме за физичко лице односно назив за правно лице, седиште и адреса):

Локација на деловниот простор предмет на понудата:

Број на имотен лист:

Вкупна квадратура на деловниот објект:

Месечна закупнина по метар квадратен (во денари, бруто износ):

Вкупна месечна закупнина (во денари, бруто износ):

Со поднесувањето на оваа понуда изјавувам дека сум согласен со условите наведени во оглас број 02/2023 од Институтот за стратешки истражувања и едукација и вклучително две биро, пет столици и канцелариски ормар. Исто така изјавувам дека во вкупната месечна закупнина се вклучени трошоците по основ на , трошоци за вода, струја, комуналии, како и режиски трошоци за одржување како што е наведено во огласот. Изјавувам дека деловниот објект не е издаден на друг закупец, и дека ќе му биде пренесен на користење на Институтот за стратешки истражувања и едукација со денот на потпишување на договорот за закуп.

Датум:

Потпис и печат (доколку понудувачот е правно лице):

Рок на важност на понудата 15 дена од денот на поднесувањето.